**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ НА МАКПЕТРОЛ АД И ПОДРУЖНИЦИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2021 ГОДИНА**

- **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од консолидираните финансиски извештаи споредено со последните годишни ревидирани консолидирани финансиски извештаи;**

  Во овој период нема промени во сметководствените политики.

- **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот консолидиран финансиски резултат;**

  Во табелите долу се прикажани издвоени консолидирани финансиски информации и показатели, како и нивната промена споредбено со претходниот период.

**Информации од Консолидираниот Биланс на Успех**

**во 000 денари**

| | **Тековен период 30.06.2021** | **Претходен период 30.06.2020** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни Приходи | 8.977.081 | 8.037.371 | 939.710 | 11,69% |
| Оперативни Приходи | 8.894.093 | 7.974.565 | 919.528 | 11,53% |
| Приходи од продажба | 8.858.738 | 7.949.610 | 909.128 | 11,44% |
| *- % во оперативни приходи* | 99,60% | 99,69% | -0,09% | |
| | | | | |
| Вкупни Расходи | 8.747.871 | 7.961.426 | 786.445 | 9,88% |
| Оперативни Расходи | 8.723.134 | 7.980.388 | 742.746 | 9,31% |
| Набавна вредност на трговски стоки | 7.574.739 | 6.790.983 | 783.756 | 11,54% |
| *- % во оперативни расходи* | 86,84% | 85,10% | 1,74% | |
| | | | | |
| Финансиски расходи | 23.507 | 30.710 | -7.203 | -23,45% |
| | | | | |
| ***Добивка пред оданочување*** | ***229.210*** | ***75.945*** | ***153.265*** | ***201,81%*** |

**Информации од Консолидираниот Биланс на Состојба**

**во 000 денари**

| | **Тековен период 30.06.2021** | **Претходен период 31.12.2020** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Тековни средства | 1.924.619 | 1.835.409 | 89.210 | 4,86% |
| Вкупно средства | 8.303.749 | 8.207.759 | 95.990 | 1,17% |
| | | | | |
| Главнина и резерви | 4.972.769 | 5.033.775 | -61.006 | -1,21% |
| Вкупно обврски | 3.330.980 | 3.173.984 | 156.996 | 4,95% |
| Тековни обврски | 3.209.784 | 3.051.166 | 158.618 | 5,20% |
| Обврски по кредити | 2.126.393 | 2.102.878 | 23.515 | 1,12% |

**Значајни финансиски показатели**

| | Тековен период 30.06.2021 | Претходен период 30.06.2020 | Промена |
|---|---|---|---|
| Бруто Маржа (%)[1] | 14,49% | 14,57% | - 0,08% |
| Нето Маржа (%)[2] | 2,58% | 0,95% | 1,63% |
| ROA[3] | 2,58% | 0,92% | 1,66% |
| ROE[4] | 4,30% | 1,57% | 2,73% |
| ROCE[5] | 3,33% | 0,92% | 2,41% |
| Gearing[6] | 27,93% | 29,66% | - 1,73% |

Во првото полугодие од 2021-ва година, „Макпетрол“ АД Скопје и подружниците остварија **вкупен консолидиран приход** во износ од 8,98 милијарди денари, кој е поголем од минатогодишниот за 939,7 милиони денари, односно остварен е раст од 11,69%.

Главната причина за евидентно пониските приходи минатата година е започнувањето на епидемијата, односно пандемијата предизвикана од заразата со вирусот Ковид–19. Како резултат на ширењето на заразата во државата се прогласи вонредна состојба и се воведе полициски час, а се затворија и граничните премини, аеродромите, туристичките и угостителски објекти. Мерките и рестрикциите, неизбежно, имаа големо негативно влијание и врз работењето на Друштвото во 2020-та и доведоа до значајно намалување на прометот со стоки и услуги, особено во првото полугодие од 2020-та година, односно во вториот квартал, што може да се забележи и од графиконот подолу.

На квартално ниво вкупните приходи во 2021-ва година бележат постепена стабилизација, но истите сè уште не го достигнуваат пред-пандемското ниво и раст кои се забележуваат во 2019-та.




| | К1/2019 | К2/2019 | К3/2019 | К4/2019 | К1/2020 | К2/2020 | К3/2020 | К4/2020 | К1/2021 | К2/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк. Приходи | 4.718.134 | 5.726.735 | 6.752.009 | 5.856.211 | 4.848.098 | 3.189.273 | 4.559.419 | 4.330.133 | 4.001.302 | 4.975.779 |
| Вк. Расходи | 4.695.598 | 5.488.515 | 6.374.650 | 5.526.142 | 4.830.242 | 3.131.184 | 4.397.048 | 4.184.756 | 3.959.894 | 4.787.977 |
| Добивка пред одан. | 22.536 | 238.220 | 377.359 | 330.069 | 17.856 | 58.089 | 162.371 | 145.377 | 41.408 | 187.802 |

[1] Бруто Маржа = (Приходи од продажба - Набавна вредност)/Приходи од продажба
[2] Нето Маржа = Добивка пред оданочување/Оперативни приходи
[3] ROA = Нето добивка по оданочување/Вкупно средства
[4] ROE = Нето добивка по оданочување/Главнина и резерви
[5] ROCE = Оперативна Добивка/(Вкупни Средства - Тековни Обврски)
[6] Нето Долг = Обврски по кредити - Пари и парични еквиваленти
Gearing = Нето долг/(Нето долг + Главнина и резерви)

Во структурата на приходите, најголем удел со 98,7% имаат приходите од продажба, од кои 96,6% се остварени преку продажба на домашен пазар, а само 2,1% се остварени преку продажба на странски пазар.




Порастот на приходите, споредбено со минатата година, во најголем дел се должи на зголемените приходи на мало за 19,7%, а истите учествуваат со 87,8% во приходите од продажба. Трендот на пораст на приходите на мало во извештајниот периодот, се должи на:

- Зголемување на прометот со деривати за 12%;
- Зголемување на прометот на останатиот малопродажен асортиман (ДАС) за 8%;
- Значителното зголемување на прометот со метан за 245%.

Наспроти нив, приходите на големо бележат пад, за што придонесе и падот на продажбата на странски пазар за 6,7%. Истакнуваме дека негативниот тренд кај продажбата на странски пазар, односно извозот на млазното гориво, е резултат на воведените мерки за затворање на аеродромите, кои важеа како во вториот квартал на 2020-та, така и во првиот квартал на 2021-ва година.



**Вкупните консолидирани расходи** остварени од Групата во првото полугодие од 2021-ва година се во висина од 8,75 милијарди денари што претставува зголемување во однос на минатата година за 786,4 милиони денари или за 9,88%. Порастот во најголем дел се должи на зголемените расходи за набавна вредност на трговски стоки од 11,54%.
Набавната вредност го следи трендот на приходите од продажба, што е неминовно со оглед дека истата во апсолутен износ е дел од приходите од продажба, односно зафаќа околу 85% од приходите.
Расходите за набавна вредност на трговски стоки, односно набавните цени, се расходи врз кои Групата има лимитирано влијание. Истото се должи на регулирањето[7] на најголем дел од набавните цени на нафтените деривати. Доколку набавната цена на одреден дериват не е регулирана, истата зависи од екстерни фактори и движења, како што се цените на нафтените деривати на светските берзи и курсот на денарот во однос на доларот.




На графиконот долу се прикажани движењата на консолидираните расходи во илјади денари, со исклучок на набавната вредност, која е презентирана претходно.




[7] Регулаторната Комисија за Енергетика и Водни Услуги на РСМ донесува одлуки за утврдување на највисоките малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт, а во истата се вклучени следниве деривати: Еуросупер БС-95, Еуросупер БС-98, Еуродизел БС (Д-Е V), Екстра Лесно 1 (ЕЛ-1) и Мазут М-1 НС.

Како резултат на остварените приходи и расходи, на крајот на овој период, Групата оствари позитивни консолидирани финансиски резултати. Кон остварувањето на позитивните консолидирани финансиски резултати придонесоа сите Друштва од Групата, а кај најголем дел се забележува силен раст, особено кај Телевизија Макпетрол Телма која има остварено значителна добивка, наспроти минатогодишната загуба. За детали погледнете ја табелата подолу:

**Добивка пред оданочување на ниво на Друштва кои се дел од Групата**

**во 000 денари**

| | **Тековен период 30.06.2021** | **Претходен период 30.06.2020** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Макпетрол АД - Скопје | 223.304 | 92.952 | 130.352 | 140,24% |
| Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ | 9.991 | 8.781 | 1.210 | 13,78% |
| Телевизија Макпетрол Телма ДООЕЛ | 5.196 | -14.423 | 19.619 | 136,03% |
| Petrolmak Solun | 4.246 | 1.802 | 2.444 | 135,63% |
| Макпетрол ДОО Београд | 1.316 | 457 | 859 | 187,96% |
| Шампион Макпетрол ДООЕЛ | - | - 12 | 12 | |
| | | | | |
| *Вкупно пред пребивања* | *244.053* | *89.557* | *154.496* | 172,51% |
| меѓусебни пребивања | -14.843 | -13.612 | -1.231 | -9,04% |
| ***ВКУПНО*** | ***229.210*** | ***75.945*** | ***153.265*** | ***201,81%*** |

**Консолидираната добивка** пред оданочување изнесува од **229,2 милиони денари** и истата е поголема за цели 201,81%, односно, поголема за приближно три пати од остварената добивка минатата година кога изнесуваше 75,95 милиони денари.

На графиконот подолу е прикажана консолидираната добивка пред оданочување за првото полугодие во 2021-ва година, како и споредбата на позициите од билансот на успех со истиот период минатата година. Во истиот, со зелена боја, се прикажани позитивните движења, односно движења кои ја зголемуваат добивката, а со црвена боја се прикажани негативните, односно движења кои ја намалуваат добивката.



Врз база на остварените резултати, можеме да заклучиме дека Групата, со големиот ангажман на менаџментот, како и на сите вработени, обезбеди услови за рентабилно работење.
Особено е важно да се истакне дека, со континуираното придржување до строгите превентивни здравствени протоколи, на сите локации на коишто Групата ги врши дејностите, во ниту еден момент не се загрози здравјето на вработените и здравјето на потрошувачите, а со самото тоа се овозможи непречено функционирање на Групата.

- **Исплатени дивиденди (вкупно и по акција);**

Макпетрол АД Скопје во текот на периодот нема исплатено дивиденда. На XXV-тото Собрание на Акционери на Макпетрол АД Скопје, одржано на 26.05.2021, Друштвото донесе одлука бр. 0201-28/2-3 за исплата на дивиденда за 2020-та година, во бруто-износ од 202.288.000 денари или 2.000 денари бруто по акција. Истата ќе се изврши најдоцна до 30.09.2021.
Во табелата долу е прикажан дивидендниот принос во последните пет години.

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дивиденден принос**[8] | 3,75% | 3,64% | 2,74% | 2,57% | 2,74% |

- **Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис;**

Во првото полугодие на 2021-ва година процесот на инвестирање продолжува и покрај предизвиците кои ги носи Ковид-19 кризата, а Групата реализираше значајни вложувања, со цел унапредување на своето работење и одржување на конкурентноста.
Вложувањата во материјални средства во текот на првото полугодие на 2021-ва година изнесува 130,6 милиони денари.

- **Промени во кредитните задолжувања;**

Нема промени во кредитната изложеност поголеми од 30%, а Групата, за време на деловното работење во севкупниот извештаен период, не дошла во ситуација да има доспеани, а ненамирени **обврски** по кој било основ (**кредити, обврски спрема добавувачи, јавни давачки и плати на вработени**).

- **Исполнување на планот и очекувања за претстојниот период.**

Во извештајниот период остварената консолидирана добивка е помала од планираната за 2021-ва година, а истото се должи на помалата реализирана капитална добивка во првото полугодие. Реализираната капитална добивка не е на планираното ниво поради пролонгирање на фазите за финализација на продажбата на акцијата во ГА-МА на Владата на Република Северна Македонија. Комплетирањето на фазите за финализација на продажбата и трансферот на сопственоста се очекува да се реализираат наскоро.

[8] Дивиденден принос = Објавена дивиденда/Последна пазарна цена на крај на периодот